**ТД МАКОШПЕД АД**
**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 22, 24 и 26 од Статутот на ТД МАКОШПЕД АД - Скопје и член 384 и 387 од Законот за трговски друштва, Одборот на директори на ТД Макошпед АД Скопје објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

***за свикување на Годишно Собрание на акционери на Трговско друштво за меѓународна шпедиција, складишта, надворешнотрговско работење, производство и промет Макошпед АД Скопје за 2020 година***

Се свикува седница на годишно собрание на акционери на ТД Макошпед АД - Скопје за деловната 2020 година.

Седницата на годишното собрание на акционери се закажува за ден 20.05.2021година (Четврток) во 12.00 часот, по пат на јавен повик, и ќе се одржи во Битола на ул.Краварски Пат бб.

За работа на седницата на годишното собрание на акционери се предлага следниот :

## ДНЕВЕН РЕД НА ГОДИШНОТО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ ЗА 2020 година

### ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ

**1.** Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери или нивни полномошници;
**2.** Избор на претседавач на Собранието;
**3.** Согласно член 35 од Статутот на ТД МАКОШПЕД АД - Скопје, записникот ќе го води нотар;
**4.** Усвојување на дневен ред по кој ќе работи собранието.

### РАБОТЕН ДЕЛ

**1.** Разгледување и усвојување на годишна сметка, финансиските извештаи за 2020 година ревидирани од овластен ревизор со мислење и годишен извештај за работа на друштвото;

- Предлог - одлука за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи ревидирани од овластен ревизор со мислење и годишниот извештај за работа на друштвото во деловната 2020година ;

**2.** Предлог - одлука за распределба на добивката по годишна сметка за 2020 год ;
**3.**Разгледување и усвојување на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи за 2020 година ревидирани од овластен ревизор со мислење и консолидиран годишен извештај за работење.

- Предлог-одлука за усвојување на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи ревидирани од овластен ревизор со мислење и консолидиран годишен извештај за работење;

**4.** Разгледување и усвојување на извештајот поднесен од неизвршните членови на одборот на директори за резултатите од контролата на работењето на друштвото во 2020 година;

- Предлог - одлука за усвојување на извештајот за резултатите од контролата на работењето на друштвото за 2020 година на неизвршните членови на одборот на директори ;
- Предлог - одлука за усвојување на работата на членовите на одбор на директори ;

**5.**Предлог- одлука за избор на членови на Органот на управување на ТД МАКОШПЕД АД Скопје;

**6**.Предлог-одлука за продажба на недвижен имот;

**7.** Годишен извештај на Службата за внатрешна ревизија на ТД МАКОШПЕД АД Скопје;

- Предлог - одлука за усвојување на годишен извештај на службата за внатрешна ревизија за 2020 година;

**8.**Назначување на овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка, финансиските извештаи и консолидираната годишна сметка и финансиски извештаи на ТД МАКОШПЕД АД Скопје за 2021 година;

- Предлог - одлука за назначување на овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка, финансиските извештаи и консолидираната годишна сметка и финансиски извештаи на ТД МАКОШПЕД АД Скопје за 2021 год;

Се повикуваат акционерите на ТД Макошпед АД - Скопје, да присуствуваат на Годишното собрание на акционери за 2020 година.

Секој акционер запишан во акционерската книга има право да присуствува на седницата и да учествува во работата на годишното собрание со право на глас.

Акционерот може да овласти, со уредно полномошно свој полномошник кој ќе го претставува на годишното собрание. Акционерот мора да го информира акционерското друштво по писмен или електронски пат за назначување на свој полномошник.

Акционерот кој нема да го извести Друштвото дека дал полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

На годишното собрание може да учествува акционер, или негов полномошник, кој своето учество ќе го пријави најдоцна до почетокот на одржување на седницата на собранието.

Пријавувањето за учество на Годишното собрание се врши со пријава во писмена форма, а за полномошникот во прилог на пријавата задолжително се доставува известување за присуство и полномошно.

Согласно законот за изменување и дополнување на Законот за превземање на акционерски друштва, полномошникот задолжително треба да ја́ извести Комисијата за хартии од вредност за намерата и причините за давање на полномошното/ата од повеќе акционери, во рок од пет работни дена пред одржување на Собранието на акционери.

Пријавата за учество на седницата се доставува на адреса ТД Макошпед АД - Скопје, ул. Македонија бр.11а Скопје кат 6 ти - Сектор за заеднички служби или на е-маил: info@makosped.com.mk.

Годишното собрание одлучува само за прашања што се уредно ставени на дневен
ред.

Акционери кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање на вклучување на нови точки доставено во писмена форма до одборот на директори со приложено образложение за предложената точка, како и да предложат усвојување на истите, а сето тоа во рок од 8 дена од денот на објавување на овој повик.

Материјалите за седницата на годишното собрание на акционери ќе бидат достапни за секој акционер во просториите на седиштето на друштвото на ул.Македонија бр.11а Скопје, секој работен ден од 09.00 до 15.00 часот и на официјалната интернет страница www.makosped.com.mk.

**ТД МАКОШПЕД АД Скопје**